Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 мај 2020 година, донесе

# УРЕДБА
# СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

**Член 1**

Во Уредбата со законска сила за примена на Законот за средното образование за време на вонредната состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 76/20), во член 1 во ставот 2 по зборот „учениците“ се става запирка и се додаваат зборовите „како и за ослободување од полагање на државна матура, училишна матура, завршен испит со тригодишно траење и завршен испит со четиригодишно траење во средното гимназиско образование, средното стручно образование, средното уметничко образование и средното образование за ученици со посебни образовни потреби, на учениците од завршните години на образованието во учебната 2019/2020 година и за продолжување на мандатот на органите за управување и раководење со средните училишта.“

**Член 2**

По членот 2 се додава нов член 2-а, кој гласи:

„Член 2-а

Во учебната 2019/2020 година, наставната година во средните училишта за учениците ќе заврши на 10 јуни 2020 година, а за учениците од завршните години во средното образование ќе заврши на 19 мај 2020 година, преку далечинско учење односно учење од дома, со примена на средства за електронска комуникација.“

**Член 3**

По членот 3 се додаваат три нови члена 3-а, 3-б и 3-в, кои гласат:

„Член 3-а

Учениците од завршните години на образованието во учебната 2019/2020 година се ослободуваат од полагањето на државна матура, училишна матура, завршен испит со тригодишно траење и завршен испит со четиригодишно траење во средното гимназиско образование, средното стручно образование, средното уметничко образование и средното образование за ученици со посебни образовни потреби.

На учениците од завршните години на образованието во учебната 2019/2020 година, кои во рокот утврден во подзаконските акти со кои се пропишува начинот на полагање на државната матура, училишната матура, завршниот испит со

тригодишно траење, односно завршниот испит со четиригодишно траење, се пријавиле за полагање на испитите за државна матура, училишна матура, завршен испит со тригодишно траење и завршен испит со четиригодишно траење, училиштето им издава диплома за завршено средно образование.

Учениците кои во претходните учебни години положиле испити од училишна матура или завршен испит со четиригодишно траење и се пријавиле за полагање на испитите за државна матура во учебната 2019/2020 година, за истите се организира полагање на испитите за државна матура.

Учениците кои во претходните учебни години започнале со полагање на испити од државна матура, училишна матура, завршен испит со тригодишно траење или завршен испит со четиригодишно траење, но не ги положиле и се пријавиле за повторно полагање во учебната 2019/2020 година, за истите се организира полагање на испитите за државна матура, училишна матура, завршен испит со тригодишно траење или завршен испит со четиригодишно траење.

Дипломата од ставот 2 на овој член се издава само во учебната 2019/2020 година.

Член 3-б

Дипломата од член 3-а став 2 од оваа уредба со законска сила, има иста важност како и дипломата за положена државна матура, дипломата за положена училишна матура, дипломата за положен завршен испит со тригодишно траење и дипломата за положен завршен испит со четиригодишно траење, издадени до денот на влегувањето во сила на оваа уредба со законска сила.

Член 3-в

Мандатот на органите на управување и раководење со средните училишта, кој истекол или истекува за време на траењето на вонредната состојба, се продолжува за време на траењето на вонредната состојба и за 90 дена по престанокот на траењето на вонредната состојба.

Средното училиште постапката за избор на органите од ставот 1 на овој член, ќе ја започне, а за започнатите ќе ја продолжи, во рок од 30 дена по престанокот на траењето на вонредната состојба."

**Член 4**

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**Бр. 44-3714/1**
**5 мај 2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**